РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
Бр. 03-583/1
04.03.2019 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА
Бр. 03-992/1
04-03-2019 20___ год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 03-270/1
06.03.2019 год.

Државната изборна комисија, претставувана од Претседателот Оливер Деркоски, Државната комисија за спречување на корупцијата, претставувана од Претседателот Билјана Ивановска и Државниот завод за ревизија, претставуван од Заменик главниот државен ревизор Насер Адеми, во натамошниот текст „договорни страни", врз основа на член 85 став (9) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19), на 4-ти март 2019 година, во Скопје, склучија

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Член 1

Општа цел на Меморандумот е потписниците во согласност со нивните законски надлежности да остваруваат непосредна соработка, координација и помош во спроведувањето на одредбите за финансирање на изборната кампања, за размена на информации, податоци и писмена за утврдените неправилности во врска со доставените финансиски извештаи и мерките преземени од нивна страна спрема субјектот кој е предмет на надзор.

Член 2

Посебна цел на Меморандумот е

1. Постигнување на ефикасност и ефективност при спроведување на Изборниот законик преку размена на информации помеѓу потписниците за утврдени неправилности и превземени активности во врска со тие неправилности, а кои се однесуваат на доставените финансиски извештаи за приходите и расходите на сметката за изборна кампања и тоа:

   1.1. финансиски извештаи од денот на нејзиното отворање до крајот на десеттиот ден од изборната кампања,
   1.2. финансиски извештаи за втората половина од изборната кампања и
   1.3. вкупни финансиски извештаи за изборната кампања.

2. Реализација на заеднички активности насочени кон подигнување на нивото на почитување на изборната регулатива со цел спроведување слободни, фер и демократски избори во Република Северна Македонија:

   2.1. меѓусебно информирање за прашања од заеднички интерес на страните – потписнички, вклучувајќи и известување за констатирани прекршувања на одредбите од Изборниот законик за финансирање на изборната кампања,
   2.2. соработка при постапување по тужби, жалби, претставки, приговори и други поднесоци во функција на заедничките интереси на страните – потписнички и
   2.3. Други форми на соработка кои двете институции заеднички ќе ги определат.

Член 3

Меѓусебната соработка на страните - потписнички ќе се реализира преку:

- Размена на информации;
- Соработка при постапување по претставки и приговори.
- Меѓусебна помош преку давање стручни совети по барање на било кој потписник на Меморандумот;

- Размена на искуства, релевантни за полето на делување на страните - потписнички на Меморандумот;
- Меѓусебно известување на страните - потписнички на Меморандумот, при креирање проекти кои се однесуваат на заедничките интереси и при планирањето на проектни активности.

Член 4

Меѓусебната размена се врши во писмена форма, а во случај на итност усно или по електронски пат. Во случај на итност добиените информации и податоци во усна форма треба да бидат писмено потврдени во најкус можен рок.

Член 5

Потписниците се обврзуваат добиените информации, податоци и писмена да ги користат во согласност со законските надлежности и врз основа на принципите на доверливост и заштита пред трети субјекти кои што не се во никаква врска со информацијата, податокот или писмената.

Член 6

Потписниците прифаќаат меѓусебно да доставaт повратно известување за исходот од користењето на бараните односно добиените информации, податоци и писмена во најкус можен рок.

Член 7

Потписниците се согласни на иницијатива и по прашања покренати од секој од потписниците да остваруваат работни средби во функција на спроведување на целите на овој Меморандум.

Член 8

Меморандумот може да биде отповикан, во кој случај потписникот што го отповикува Меморандумот е должен за тоа писмено да ги извести другите потписници со наведување на причините за отповикувањето.

Меморандумот ќе се смета за отповикан по истекот на 30 дена од денот кога е добиено писмено известување за отповикување.

Член 9

Овој Меморандум влегува во сила со денот на потпишувањето.

Член 10

Со денот на влегување во сила на овој меморандум, престанува да важи „Меморандумот за соработка", склучен во 2013 година и заведен во архивата на Државната изборна комисија под архивски број 03-1178/1 од 22.03.2013 година, во архивата на Државниот завод за ревизија под архивски број 03-515/1 од 22.03.2013 година и во архивата на Државната комисија за спречување на корупцијата под архивски број 02-2326/1 од 22.03.2013 година.

Член 11

Овој Меморандум е потпишан во шест еднообразни примероци, од кои по два за секоја институција потписник.

| Државна изборна комисија | Државна комисија за спречување на корупцијата | Државен завод за ревизија |
|---|---|---|
| **ОЛИВЕР ДЕРКОСКИ** | **БИЉАНА ИВАНОВСКА** | **НАСЕР АДЕМИ** |
| **Претседател** | **Претседател** | **Заменик главен државен ревизор** |